ФИТР ФОНД ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ

**ISO 37001:2017**

# ПОЛИТИКА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА

Целта на овој документ е да се определат обврските и должностите на Фондот за иновации и технолошки развој со цел спречување на корупција.

Фондот за иновации и технолошки развој ги спроведува своите надлежности и активности чесно и со етичност во работењето.

Фондот презема обврска за спроведување на политика на нула толеранција за мито и корупција. Фондот е посветен на професионално дејствување, фер и со интегритет во сите негови активности и деловни односи, и е посветен на спроведување на ефективни системи за спречување на корупција.

Фондот се придржува до сите релевантни закони поврзани со спречување на корупција и мито во нашата земја, како и со релевантните закони за финансиско работење, внатрешна финансиска ревизија, заштита на дојавувачи и општите закони за вработени во јавниот сектор и административни службеници.

Фондот за иновации и технолошки развој има постапки за работа до трети лица кои содржат елементи за намалување на ризиците од мито и корупција. Тие во главно се однесуваат на активности поврзани со:

- ✓ Финансиското работење на Фондот
- ✓ Вработување
- ✓ Спроведување на јавните набавки
- ✓ Избор на корисници / грантисти на Фондот
- ✓ Следење на реализација на проектите
- ✓ Управување со фондови

Исто така Фондот има воспоставено постапки за информирање и градење на свесност кај вработените и ангажираните лица за спречување на корупција, како опишано во оваа Политика и Прирачникот за сите инволвирани лица во Фонд за иновации и технолошки развој за системот за борба против корупција.

Оваа Политика и поврзаниот Прирачник се однесуваат на сите вработени и ангажирани лица на сите нивоа во Фондот, како и на сите поврзани лица.

Оваа Политика не забранува давање и примање на подароци и гостопримство од трети страни кои се во линија на одредбите од Прирачникот за вработени и поврзаните процедури од системот за управување во ФИТР.

Фондот дава спонзорства и донации кои се во согласност со правната рамка на неговото работење и се фокусирани на едукативни институции и иницијативи. Сите донации и спонзорства се одобруваат од страна на Директорот и Управниот одбор на Фондот.

Фондот е посветен да нема штетен третман за оние кои ќе пријават со добра намера сомнеж за корупција или одбивање на мито.

Определбата на Фондот за нула толеранција за мито и корупција е споделена со сите вработени, ангажирани лица и поврзани лица, добавувачи и корисници на грантови од самиот почеток на соработката со нив и со нив се споделуваат сите промени во Политиките направени потоа.

Одговорност е на сите индивидуи да ја прочитаат и разберат Политиката и Прирачникот, кој содржи подетални барања и обврски, и до истите да се придржуваат.

За остварување на целите на оваа Политика, Фондот ќе ја следи нејзината примена и истата ќе ја ревидира на редовни интервали, правејќи промени каде е потребно со цел подобрување на системот за спречување на корупција и усогласување со релевантните локални закони како и одговарајќи на ризиците од корупција на кои е изложен Фондот.

**Скопје, 01.02.2021 година**

**в.д.Директор**